**20171212369**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 14 став (31) од Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ОДОБРУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПЕРАТОРИ СО НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на барање за регистрација и одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло.

Член 2

(1) За регистрација на објектите и операторите, определени во точка 2) од Листата на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани и кои се активни во било која фаза на создавање, транспорт, постапки, преработки, складирање, ставање во промет, дистрибуција, употреба или нештетно отстранување на нуспроизводите од животинско потекло или производите добиени од нив, правното лице треба да поднесе барање до Агенцијата за храна и ветеринарство за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член подносителот на барањето ја доставува документацијата утврдена во член 14 став (17) од Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

Член 3

(1) Барањето за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) За одобрување на објектите и операторите за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло, определени во точка 3) од Листата на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани и кои се активни во било која фаза на создавање, транспорт, постапки, преработки, складирање, ставање во промет, дистрибуција, употреба или нештетно отстранување на нуспроизводите од животинско потекло или производите добиени од нив, правните лица треба да поднесат барање до Агенцијата за храна и ветеринарство за издавање на одобрение на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло.

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 142/2011 од 25 февруари 2011 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1069/2009 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на здравствените правила во однос на нуспроизводи од животинско потекло и преработени производи од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето и спроведување на Директивата 97/78/ЕЗ на Советот во однос на одредени примероци и предмети кои се ослободени од гранични ветеринарни проверки и прегледи според истата Директива, CELEX бр. 32011R0142.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член правните лица ја доставуваат документацијата утврдена во член 14 став (8) од Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

(3) Барањето за издавање на одобрение на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(4) Формата и содржината на барањето од став (3) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1799/3
25 август 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

Прилог 1

**Агенција за храна и ветеринарство**

**на Република Македонија**

## Барање за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на правното лице – подносител на барање: | | |
| 2. Седиште на правното лице: | | |
| 3. Единствен матичен број на правното лице: | | |
| 4. Одговорно лице во правното лице: | | |
| Име и презиме: | | ЕМБГ: |
| Телефон: | | e-mail: |
| 5. Овластено лице за застапување на правното лице: | | |
| Име и презиме: | | ЕМБГ: |
| Телефон: | e-mail: | |
| 6. Вид на објект: | | |
| 7. Активност која ќе се врши: | | |
| 8. Адреса на објектот: | | |
| Ул: | Бр. | Место: |
| 9. Предвиден капацитет на работа: | | |

Датум ____________ година

Место ____________

М.П.

Потпис на

одговорно лице

До: Прилог 2

**Агенција за храна и ветеринарство**
**на Република Македонија**

**Барање за издавање на одобрение на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло**

<table>
<tr><td colspan="4">1. Назив на правното лице – подносител на барање:</td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Седиште на правното лице:</td></tr>
<tr><td colspan="4">3. Матичен број на правното лице ЕМБС:</td></tr>
<tr><td colspan="4">4. Даночен број на правното лице:</td></tr>
<tr><td colspan="4">5. Одговорно лице во правното лице:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име и презиме:</td><td>ЕМБГ:</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Овластено лице за застапување на правното лице:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име и презиме:</td><td>ЕМБГ:</td></tr>
<tr><td>Телефон:</td><td colspan="3">e-mail:</td></tr>
<tr><td colspan="4">7. Активност која ќе се врши:</td></tr>
<tr><td colspan="3">8. Адреса на објектот</td><td>Телефон:</td></tr>
<tr><td colspan="2">ул:</td><td>бр.</td><td>Место:</td></tr>
<tr><td colspan="4">9. Вид на производниот објект:</td></tr>
<tr><td colspan="4">10. Предвиден капацитет на работа:</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td><td></td></tr>
</table>

Датум М.П. Потпис на
одговорно лице